## *Што е Македонско кредитно биро?*

Македонско кредитно биро АД Скопје (МКБ) е акционерско друштво, кое врши целосно или делумно, собирање и обработување на податоци за обврските на субјектите и/или други податоци, со цел да обезбеди извештаи за задолженоста и редовноста во исполнувањето на обврските од страна на Субјектот на податоци (домашно или странско правно или физичко лице).

## *Што е Извештај?*

Извештај е документ во писмена или електронска форма, изготвен од страна на МКБ, врз основа на собраните податоци за обврските на правното или физичкото лице.

## *Според кои правила работи МКБ?*

МКБ своето работење го уредува во согласност со Законот за кредитно биро („Сл. весник на РМ“ бр. 81/08, 24/11, 166/14 и 192/15).

## *Кои податоци се доставуваат во МКБ?*

Во МКБ се доставуваат податоци за лица кои се однесуваат на обврски по кредити, жирантства, кокредитобарателство, трансакцоски сметки, платежни картички, финансиски лизинг, осигурување, обврски по основ на даноци, обврски за телекомуникациски услуги, обврски за услуги од областа на енергетиката, комуналните давачки, такси, придонеси, како и обврски по основ на користење на други услуги.

## *Кој ги доставува податоците?*

Податоците ги доставуваат Давателите на податоци - членки на МКБ, кои можат да бидат:

- банки, штедилници, осигурителни друштва, друштва за финансиски лизинг, други даватели на кредити, финансиски друштва, друштва за работа со платежни картички, Управата за јавни приходи, Централниот регистар на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, Градот Скопје и единиците на локална самоуправа, даватели на услуги од областа на комуналните дејности, енергетиката и телекомуникациите, други правни лица кои даваат услуги по основ на кои настануваат обврски за правните и физичките лица и физички лица кои не се сметаат за трговци согласно Законот за трговски друштва.

## *Кои се корисници на податоци од МКБ?*

Корисници на податоци се Давателите на податоци, освен Управата за јавни приходи, Централниот регистар на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, градот Скопје и единиците на локална самоуправа.

За потребите на Корисниците на податоци, МКБ изготвува т.н. Кориснички извештаи, кои може да се доставаат исклучиво врз основа на претходна писмена согласност дадена од физичкото лице.

Корисничките извештаи содржат исклучиво податоци за лицето на кое се однесуваат податоците. Содржат податоци за износот на обврските и редовноста во нивното исполнување, но, без идентификација на Давателите на податоци од кои потекнуваат истите и без, притоа, да се даваат податоци за други лица кои, на било кој начин, се поврзани со лицето, вклучувајќи ги и податоците за жирантите, кокредитобарателите и солидарните должници.



МКБ овие извештаи ги дава во електронска форма, заштитени на начин така што да не бидат читливи при преносот.

## *Кој донесува одлука за одобрување на кредит или друга услуга?*

Одлуката за одобрување на бараната услуга ја донесува институцијата каде што лицето аплицира за таа услуга, согласно својата деловна политика.

## *Кој е одговорен за точноста на податоците во извештаите на МКБ?*

За точноста на податоците се одговорни Давателите на податоци, бидејќи тие ги доставуваат податоците во МКБ. МКБ, од добиените податоци, генерира извештаи без, притоа, да врши измени или дополнувања во податоците.

## *Дали граѓаните можат да се информираат за податоците кои се водат за нив во МКБ?*

Да, граѓаните можат лично во МКБ, врз основа на претходно доставено писмено барање, да извршат увид во податоците што се водат за нив, во вид на писмено Известување, кое го изготвува МКБ без надомест.

## *Дали граѓаните можат да добијат извештај од МКБ за свои потреби?*

Граѓаните можат да побараат т.н. Сопствен извештај кој служи само за нивно лично информирање.

Сопствениот извештајот содржи потполни податоци за износот на обврските, редовноста во исполнувањето, за друг вид на обврски како жирант, кокредитобарател или солидарен должник, идентитетот на сите Даватели на податоци и сите Корисници на податоци кои побарале извештај од МКБ за тоа физичко лице во изминатата година.

## *На кој начин можам да го добијам Сопствениот извештај?*

Постапката за издавање на Сопствен извештај, МКБ ќе ја започне по добивањето **Барање за Сопствен извештај,** кое, може да се поднесе на еден од следните начини:

- по електронски пат на mail: baranje@mkb.mk
- во просториите на Македонско кредитно биро, на бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, Скопје

Барањето за Сопствен извештај може да се отпечати од интернет страната на МКБ или да се добие во МКБ.

Граѓаните поднесуваат:

- пополнето и потпишано Барање за Сопствен извештај (скениран документ во случај на електронско поднесување),
- уплатница за уплатен надомест (скениран документ во случај на електронско поднесување), за која се потребни следниве податоци:

> ***назив и седиште на примачот*** - МКБ АД Скопје,
>
> ***бр. на сметка*** – *210 0643924102 34,*
>
> ***банка на примачот*** – *НЛБ* Тутунска банка АД Скопје
>
> ***цел на дознака*** - Сопствен извештај за физичко лице
>
> ***повикување на број*** – *ЕМБГ*

Физичкото лице својот идентитет го докажува со документ за лична идентификација (лична карта или пасош). МКБ не прави копија и не ги задржува во досието на Субјектот на податоци.

Начинот на доставување на Сопствениот извештај од МКБ, го избираат граѓаните.

**Цената на Сопствениот извештај изнесува 300,00 ден.**

За доставување на Сопствениот извештај по e-mail, информирајте се повеќе на www.mkb.mk или контактирајте не телефонски.

Граѓаните, кои ќе поднесат документи за Сопствен извештај во МКБ преку полномошник, треба да достават полномошно заверено на нотар.

## *Што треба да направам доколку во мојот извештај има неточни и нецелосни податоци?*

Можете да ја оспорите целосноста или точноста на податоците, пополнувајќи Барање за исправка - дополнување на податоци. Барањето може да го отпечатите од нашата интернет страна или да го добиете во просториите на МКБ.

МКБ покренува постапка за разрешување на рекламацијата, во која, заедно со Давателот на податоците, од кого потекнува оспорениот податок, ќе извршат проверка на податокот во рок од 15 дена од приемот на рекламацијата.

## *Зошто е важно да имате добра должничка историја?*

Од голема важност е да имате добра должничка историја. **Таа станува Вашето најквалитетно обезбедување, односно Вашиот "жирант"**. Добрата историја може да Ви овозможи поповолни услови и пониски каматни стапки за добивање на кредит, лизинг, платежна картичка и слично, потоа за намалување на видовите и големината на обезбедувањата и слично.

Кога должничката историја не е добра, Ви претстои ризик воопшто да не ја добиете бараната услуга, или, таа да биде со понеповолни услови за Вас.

## *Како да се информирате повеќе?*

Посетете ја нашата интернет страна:

**www.mkb.mk**

Поставете прашање на e-mail:

**info@mkb.mk**

Јавете се во Инфо центарот на:

**02/3251-291**

Повелете во нашата канцеларија која се наоѓа на бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр.1, на V кат (Комплекс банки), 1000 Скопје, Република Македонија

Работно време со клиенти од понеделник до петок, 09:00 до 16:00 часот.

**Македонско кредитно биро**
**СЕ ГРИЖИ ЗА ВАШЕТО ФИНАНСИСКО ЗДРАВЈЕ**

# Македонско кредитно биро АД Скопје

Што треба да знаат

**ГРАЃАНИТЕ**

за

**Македонско кредитно биро**

**Зошто е важно да имате добра должничка историја?**




**Македонско кредитно биро**
**СЕ ГРИЖИ ЗА ВАШЕТО ФИНАНСИСКО ЗДРАВЈЕ**